ЗАВРШИ ВТОРАТА РЕСЕНСКА КЕРАМИЧКА КОЛОНИЈА

# КЕРАМИЧКИТЕ ТВОРБИ ИЗЛОЖЕНИ ВО РЕСЕН

**• Конечниот резултат: изработени 82 керамички творби — керамопластика, декоративни вазни, чинии, сувенири, фигури, портрети...**

Ресен, август

Втората ресенска керамичка колонија, на која учествуваа 10 најпознати керамичари од целата наша земја, деновиве ја заврши својата годинашна работа. За време на 20-тодневната работа во Отешево, керамичарите-уметници изработија 82 керамички творби-керамопластики, декоративни вазни и чинии, разновидни сувенири, фигури, портрети и други дела, во разни бои и димензии. Овој број е осетно поголем отколку што беше предвидено со програмата за работа, што од своја страна зборува за големото интересирање на керамичарите за Колонијата и за нивниот ентузијазам за работа. Речиси сите тие изработија поголем број експонати отколку што требаше.

Керамичките творби сега се изложени во салата на Работничкиот универзитет во Ресен. Изложбата уште од првите денови масовно ја посетуваат ресенчани и гости од летувалиштата, како и поголем број минувачи низ градот. Голем број летувачи во Отешево Колонијата ја посетуваа додека керамичарите ги изведуваа работите на своите дела.

Ѓ. Ѓ.

Ново мак. 28 август 1974. стр. 9